ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **01.10.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски, Секретар на Општината Љубомир Младенов, претставник од Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Лидија Митовска, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**Секретар**

Информација во врска со објавен јавен оглас за вработување во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со поделени нови решенија за плата на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со подготвен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со динамиката на процесот околу подготовката на функционална анализа.

Информација за потребата од спроведување на генерички обуки за вработените во општината и локалните институции.

Информација во врска со постапката и роковите за оценување на административните службеници.

Информација во врска со формирани комисии за спроведување на постапката за доделување на стипендии за талентирани ученици и студенти и за талентирани спортисти.

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

Информација во врска со активностите за подготовка на ребаланс на буџетот за 2018 година, чие што усвојување е предвидено на Седницата на Советот на Општина Крива Паланка на ден 19.10.2018 година.

Информација во врска со определени проблеми и нејаснотии во самите прегледи на работните часови на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со наплатата на закуп за претпростор на УО и комуналната такса за користење на истиот.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со настанатите проблеми при спроведувањето на обврските од договорот со изведувачот „КООП“, заради кое има определен застој во реализацијата на планот за асфалтирање на улици и патишта и крпење на ударни дупки.

Информација во врска со активностите за терен од страна на изведувачот „Дине Трејд“ и „Мелтон“.

Информација во врска со активностите поврзани со поставување на габиони за превенција на свлечиштето на локалниот пат во с.Дурачка Река.

Предлог за обезбедување на пристап во просториите на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор и добивање на определени веќе изготвени проекти, кои да бидат преземени од страна на Општината и да бидат искористени за аплицирање за нивна имплементација и реализација.

Задолжение за интервентно и неодложно санирање на оградата на „Шанин Мост“.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација за активностите за одбележување на паркинг места за лица со посебни потреби и останати паркинг места.

Информација во врска со поставувањето на автобуски постојки и потребата од неодложно поставување на постојки на сите 12 предвидени локации.

Истакната е потребата од изнаоѓање на соодветни решенија за настанати проблеми во постапката за легализација на објекти на потенцијално нестабилни подрачја, со резиме за околу 1.500 барања за легализација на такви објекти во такви геолошки нестабилни подрачја.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со потребата од пријавување на вработените во Општината за присуство на генерички обуки.

Информација во врска со направен пресек на преземените активности и остварените резултати во рамки на постапката за подготовка на функционална анализа.

Информација во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Задолжение за вклучување на вработени во ова одделение во реализација на протоколот за настаните и манифестациите предвидени по повод Денот на ослободувањето на Крива Паланка.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со подготовката на нови договори за ангажирање на општи работници.

Информација во врска со тековни и завршени тендерски постапки и исходот од истите..

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие, од аспект на собирање на смет, чистење на јавни површини, кеј, регулации и слично.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со подготовката на проширување на програмата за култура на Општина Крива Паланка за 2018 година кое треба да биде ставено на дневен ред на Седницата на Советот на Општина Крива Паланка на ден 19.10.2018 година.

Информацијa во врска со објавен конкурс од Министерството за култура на Република Македонија за проекти за 2019 година, кој што конкурс трае заклучно до 11.11.2018 година.

Информација за потребата од ребалансирање на програмата К3 и К4 во буџетот на Општина Крива Паланка.

Информација во врска со активностите околу пописот и подготовката на каталог на спомен обележјата на подрачјето на Крива Паланка.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**01.10.2018 година, Крива Паланка**